## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 08-526

Скопје 28.10.2016г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-526 од 27.10.2016 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-5190/2 од 28.10.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 36-та седница одржана на 28.10.2016 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година.

## Образложение

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.08.2015 година, Агенцијата на ден 19.09.2016 година, му доставила фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2016-100-0222 (наш арх.бр.05-4486/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 271.144,00 (двестеседумдесетиеднаилјадаистоичетириесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 17.09.2016 година заклучно со 16.09.2017 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 20.09.2016 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-5019/1 од 20.10.2016 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), односно не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2016-100-0222 (наш арх.бр.05-4486/1) беше 19.10.2016 година, во кој рок радиодифузерот не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во износ од 271.144,00 (двестеседумдесетиеднаилјадаистоичетириесетичетири) денари.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 35-та седница одржана на ден 21.10.2016 година, со Заклучок, бр.02-4996/2 од 21.10.2016 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.08-526 од 20.10.2016 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 21.10.2016 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис УП1 бр.08-526 од 21.10.2016 година, со кое беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На ден 26.10.2016 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата, доставено е Известување, бр.05-5019/2, дека Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, на ден 25.10.2016 година изврши уплата во износ од 271.144,00 денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со предлогот Уп1 бр.08-526 од 27.10.2016 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-5190/2 од 28.10.2016, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 36-та седница одржана на 28.10.2016 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица;
- управителот на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.